# ПЕРСОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Мерките и активностите кои се спроведуваат во доменот на персонланата безбедност имаат многу важна улога во процесот на заштитата на класифицираните информации.

Тие опфаќаат спроведување безбедносна проверка за лицето, издавање безбедносен сертификат, подигање на безбедносната свест на корисникот на класифицирани информации како и запознавање со обврските за работа со класифицирани информации што произлегуваат од добивањето на безбедносниот сертификат се намалува ризикот од неовластен пристап до класифицирани информации.



Исполнувањето на условите за издавање безбедносен сертификат е прв чекор и еден од условите за пристап до класифицирани информации. Условите за издавање безбедносен сертификат се утврдуваат преку безбедносна проверка што ја извршуваат надлежните служби, а на барање на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Безбедносната проверка се спроведува пред издавањето на безбедносниот сертификат и има за цел да ја утврди лојалноста, доверливоста и интегритетот, односно да се утврди не/постоењето на безбедносниот ризик на лицето за кое се бара безбедносен сертификат.



Безбедносниот сертификат е документ со кој што се потврдува дека лицето има право на пристап и користење на класифицирани информации до соодветен степен согласно принципот ,,потребно е да знае“.

Подигнувањето на безбедносната свест на корисникот на класифицирани информации се спроведува преку континуирана обука од областа на заштита и работа со класифицирани информации која што се спроведува на сите нивоа, како и со редовно брифирање и ребрифирање за обврските што произлегуваат од добивањето на безбедносниот сертификат.

Носителот на безбедносниот сертификат треба во целост да ги познава мерките и активностите за заштита на класифицирани информации и за тоа редовно да се потсетува на обврските з а заштита на класифицирани информации, како и на опасноста од оддавање класифицирани информации на лица кои што немаат потреба од тоа.

ИНФОЛИСТ





*ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ*
*ТЕЛ: 02/3299-820; ФАКС: 02/3299-829*
*e-mail: direkcija@dbki.gov.mk*
*web: www.dbki.gov.mk; www.nsa.gov.mk*